| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Hague R. and M. Harrop | "Comparative government and politics: An Introduction" | Palgrave | 2001 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Избори и изборни системи** | | | |
| 2. | **Код** | 50701 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Правни студии – Уставно право (мастер студии) | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први" – Скопје<br>Институт за правно-политички науки<br>Катедра по уставно право и политички систем | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 9-ти семестар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест кредити) |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Тања Каракамишева - Јовановска<br>Проф. д-р Марика Ристовска<br>Доц. д-р Александар Спасеновски | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Целта на овој предмет е да им обезбеди на студентите да стекнат покомплексни знаења од областа на изборните системи и партиските системи и нивната взаемна поврзаност во функционирањето на современите политички системи. Овој предмет ќе им овозможи на студентите попродлабочено и аналитички да ги проценуваат изборните процеси во светот.Студентите ќе можат:<br>- да го разликуваат типот на изборниот систем во конкретна земја;<br>- да ги просудат ефектите на изборниот систем врз партискиот систем и обратно;<br>- да ги анализираат одделните елементи на изборниот систем и нивните последици во функционирањето на легислативата и егзектутивата;<br>- креативно да пристапуваат со предлози за подобрување на изборниот систем, особено во земјите во транзиција; и<br>да ги осознаваат предизвиците и потребата од демократизирање на внатрепартиските односи во политичките партии со цел да се практикуваат демократски избори. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Предмет на проучување на оваа научна дисциплина се изборите, изборниот систем и партискиот систем.При тоа, развојната димензија на изборите и изборниот систем ќе биде централно прашање во првиот дел од научната дисциплина.За студентите на | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | политичките студии потребно е да се запознаат со релацијата избори- демократија, односно да осознаат дека нема позначајна расправа за демократијата која во одредена смисла не ја тангира и изборната проблематика. Во оваа смисла ќе бидат проучувани изборните концепти во моделот на развојната демократија; изборите во моделот на компететивниот елитизам; изборите и плуралистичките теории за демократијата и изборите и постмодернизмот како проекција на можен модел на демократијата.<br><br>Вториот дел ќе биде насочен кон проучување на позитивистичката анализа на изборните системи, односно на нивните конструктивни елементи: поделба на изборни единици; правила на изборниот натпревар; постапка на гласање и методите на претворање на гласовите на избирачите во парламентарни мандати. Особено внимание ќе се посвети на проучување на темелните типови на изборните системи; мнозинските и пропорционалните избори, како и класификација на емпириските изборни системи.<br><br>Посебно значајни прашања за оваа научна дисциплина се политичките последици на изборните системи, кои се поврзани со историски, социокултурни, институционални и политички чинители, а имаат особено влијание врз структурата на партискиот систем, типот на извршната власт, како и односот помеѓу извршната и законодавната власт.Во овој дел ќе бидат презентирани различните погледи и ставови на одделни теоретичари и истражувачи за односот помеѓу изборниот систем и партискиот систем ( Морис Диверже, Ѓовнаи Сартори, Дитер Нолен , Арент Липхарт и други).<br><br>Покрај компаративен приказ на изборите и изборните модели во неколку европски демократски држави, предмет на проучување на оваа научна дисциплината ќе бидат и до сега одржаните парламентарни, претседателски и локални избори во РМ, како и односот на Уставот на Република Македонија од 1991 година кон изборниот систем и политичкиот плурализам. | | | |
| 12. | **Методи на учење:** | - Предметот ќе се изучува преку компаративниот метод, case study методот, Сократовиот метод, SWOT анализа, индуктивниот и дедуктивниот метод и др.<br><br>- Часовите вклучуваат учество на студентите и дебата и анализа на практични случаи. | | |
| 13. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 | | |
| 14. | **Распределба на расположливото време** | 3,5 + 0 + 1,2 + 0 + 5,3 | | |
| 15. | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | 70 поени |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 20 поени |
| | 17.3 | Активност и учество | 10 поени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на над 50 % од предавањата | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | |

**22. Литература**

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мајкл Галагер и Пол Мичел | Политика на изборни системи | Академски печат | 2009 |

**22.2 Дополнителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Анета Јовевска | Изборните концепции во теоријата на демократијата | ИСППИ | 1999 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | 2. | Diter Nolen I Mirjana Kasapovic | Izborni sistemi vo Jugoistocna Evropa | Fondacija Fridrih Ebert | 1997 |
| | | 3. | Arend Lijphart | Electoral Systems and Party Systems: A Study of Twenty-Seven Democracies 1945-1990 | Oxford University Press | 1994 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Организација на власт** | | | |
| 2. | **Код** | 50701 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Правни студии – Уставно право (мастер студии) | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први" – Скопје<br>Институт за правно-политички науки<br>Катедра по уставно право и политички систем | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 9-ти семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест кредити) |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова<br>Проф. д-р Рената Дескоска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Целта на овој предмет е да им обезбеди на студентите да се стекнат со покомплексни знаење од областа на организацијата на власта и нејзината взаемна поврзаност со функционирањето на еден политички систем. Овој предмет ќе им овозможи на студентите аналитички да ги проценуваат различните облици на организација на власта. Според тоа, студентите ќе може:<br>- да го согледаат значењето на поделбата на власта<br>- да прават разлика меѓу флексибилна и строга поделба на власта<br>- да се стекнат со знаења кои се можностите за организирање на законодавната власт во едно општество<br>- да се стекнат со знаења кои се можностите за организирање на извршната власт во едно општество<br>- да се стекнат со знаења кои се мжностите за организирање на судската власт во едно | | | | |